Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

# ЗАПИСНИК
## од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2021 година

Седницата започна во 14:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Снежана Нацаковска и Ирена Арнаудовска-Малинкова, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Илхан Рахман, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2021 година
- Усвојување на Записникот од Осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година
- Усвојување на Записникот од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 август 2021 година
- Усвојување на Записникот од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2021 година
- Усвојување на Записникот од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2021 година
- Усвојување на Записникот од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 август 2021 година
- Усвојување на Записникот од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 август 2021 година

1. Записник од Четириесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 16 август 2021 година, со Предлог-одлука

2. Информација за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - прошетка на посетители во Националниот парк Галичица, со превозно средство – чамец (без мотор), во Свети Наум, со Предлог-одлуки

3. Информација со предлог-одлуки за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Национален парк „Галичица“, прошетка на посетители со превозни средства АТВ-четириколки, со текст на Спогодба

4. Информација со Предлог-одлука за давање на согласност на Спогодба за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје-Национален парк „Галичица“, угостителска дејност на сплавови во Извориште кај Св.Наум, со текст на Спогодба

5. Годишен извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје за 2020 година, со Извештај од независниот ревизор и предлог-одлуки

6. Годишна сметка, финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работењето во периодот 1 јануари 2020 - 31 декември 2020 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со Извештај на независен ревизор и предлог-одлуки

7. Информација за проблемите со кои се соочува Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со барање за финансиска помош

8. Информација за преземените активности на РЕК Осломеј за водоснабдувањето од Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица

9. Годишен финансиски извештај, Годишна сметка и Годишен извештај за работата на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, со Извештај од Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје, за резултатите од контролата над управувањето со АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје за 2020 година, со дополнување и со Предлог-одлука

10. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година, со Предлог-одлука

11. Информација за состојбата со 10 билборд табли по Коридорот 10

12. Правилник за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната, со Предлог-одлука

13. Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021-2024), со Акциски план

14. Барање за обезбедување на службени возила за потребите на Регулаторната комисија за домување

15. Барање за обезбедување на службени деловни простории на Регулаторната комисија за домување

16. Барање на мислење за постапување и примена на Законот за градежно земјиште

17. Предлог-одлуки за давање на согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и Предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност

18. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука

19. Информација за усвојување на Акциски план за имплементација на Национална платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година, со Акциски план

20. Информација за потребата од донесување на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид, заради склучување Анекс бр.5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид, со Анекс бр.5 и
    -Предлог на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево – Охрид, по скратена постапка

21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат

23. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*)

24. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2020 година

25. Извештај од Третата седница на македонско – украинската меѓувладина комисија за следење на Договорот за трговска и економска соработка меѓу Македонската влада и Украинската влада

26. Информација за исплатување на обврзниците издадени по основ на депонирани штедни влогови на државјани на Република Србија и Косово кои штеделе во банки со седиште на територијата на Република Северна Македонија и филијали на банки на територијата на Република Северна Македонија чие седиште било во бившите републики на СФРЈ

27. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина -дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, Општина Градско, со Предлог-решение

28. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – фелдспат на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово

29. Информација во врска со Иницијативата за приклучување на Република Северна Македонија во Алпско-југоисточен коридор на главната мрежа, како и Иницијативата за воспоставување на Железнички товарен коридор за поврзување на Унгарија, Република Србија, Република Северна Македонија и Република Грција

30. Информација за потребата од издавање на контролни маркици за одбележување на брашното

31. Информација за поништени одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5 „Тажево“ и бр.2 „Копришница“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки

32. Информација за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на регионална депонија за Полошки Регион - Русино, Општина Гостивар

33. Предлог-одлука за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел

34. Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители

35. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Кореја и Владата на Република Северна Македонија за заемно укинување на обврската за поседување визи за носителите на дипломатски и службени пасоши со Нацрт-текст на Спогодбата на корејски, македонски и англиски јазик

36. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Маурициус за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Маурициус, со Нацрт - текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

37. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

38. Информација за формирање на Комитет за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

39. Информација за извршените и планираните активности во однос на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година

40. Информација за програмата и приоритетите на словенечкото претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

41. Информација за прогресот на активностите на Меѓуресорската работна група задолжена за изнаоѓање на законско решение за надминување на слабостите во системите за управување со кризи и заштита и спасување

42. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Saber Junction 21" во Сојузна Република Германија, со Предлог-одлука

43. Информација за завршен преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата - втор циклус (за главите II „Превентивни мерки“ и V „Наплата на имотот“)

44. Информација за имплементација на ИПА 2013 проект „Набавка на опрема за институциите од областа на правосудството и внатрешни работи“ Лот 1– Набавка на ИКТ опрема и опрема за интероперабилност

45. Информација за статусот на мерење на индексот на дигитална економија и општество (digital economy and society index (DESI)) во Република Северна Македонија

46. Информација за одржување на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 6 октомври 2020 година

47. Барање на Демир Шуаре, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

48. Информација за студенти кои се стипендирани од страна на Република Северна Македонија за студии во странство и ги завршиле студиите во периодот од 2017 до 2020 година

49. Информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за периодот јануари - јуни 2021 година)

50. Информација за исплата на пензии за август 2021 година

51. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

52. Барање за давање на автентично толкување на член 14 став (2) точка 3 подточка г од Законот за данокот за додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1999, 86/1999, 8/2001, 21/2003, 9/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014, 112/2014, 130/2014, 15/2015, 129/2015, 225/2015, 23/2016, 189/2016, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019, 98/2019, 124/2019, 275/2019, 267/2020 и 163/2021), поднесено од пратениците Владо Мисајлоски и Бојан Стојаноски

53. Иницијатива поднесена од Олгица Трајковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.8/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2019)

54. Иницијатива поднесена од страна на судски службеници – стручни соработници во судовите на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд под У.бр.82/2021, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за судовите и Законот за јавното обвинителство

55. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1470, за КО Чаир, на КП бр. 373, Викано место/улица А.Турунџев

56. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.68655 за КО Маџари на КП бр.1046/4 за викано место/улица П.Наков, со дополнување на Понудата

57. Барање од нотар Васко Паскали од Охрид, за потврдување/солемнизација на Договор за залог на недвижен имот со Имотен лист бр. 90701, за КО Охрид 4, на КП бр. 5985, Викано место/улица Горица, со кој треба да се обезбеди побарување на заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје, односно недвижниот имот да се заложи во корист на Комерцијална банка АД Скопје

58. Известување од извршител Гордана Џутеска за понуда за користење право на првенствено купување на имот каде како сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист бр.94643 за КО Охрид 2

59. Известување од извршител Снежана Андреeска од Скопје, Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 20.8.2021 година доставено под И.бр.19/20

60. Кадровски прашања

61. Прашања и предлози

62. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Добивање на нефинансиска помош, распределба и користење од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 (за период од 1.3.2020 година до 30.11.2020 година)

63. Конечен извештај за извршена ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема „Квалитетот на услугите кои ги даваат единиците на локалната самоуправа преку своите веб-портали"

64. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Охрид

65. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Известувањето за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај, подготвено од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

66. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерство за култура -Управата за заштита на културно наследство (Сметка на основен буџет 603-10)

67. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, за периодот 1 април-30 јуни 2021 година

68. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година

69. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, за втор квартал 2021 година

70. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, за периодот април - јуни 2021 година, со дополнување

71. Извештај за работата на ЈП ХС Злетовица Пробиштип, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година

72. Тримесечен извештај за финанското работење на ЈП за водостопанство Лисиче – Велес (април- јуни 2021 година)

73. Извештај за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево, за периодот 1 април - 30 јуни 2021 година

74. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот април-јуни 2021 година

75. Информација во врска со Одлука за давање на користење на недвижен имот-деловен простор сопственост на АД ЕСМ - Скопје на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје УО бр.02-2665/206/4 од 17.6.2021 година, донесена од Управниот одбор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Договор за давање на правото на користење на недвижни ствари арх.бр.03-2880/1 од 30.6.2021 година склучен помеѓу Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, како давател на стварта и Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, како корисник на стварта

76. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари–јуни 2021 година

77. Полугодишен извештај за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, за периодот јануари-јуни 2021 година

78. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и Ковид 1 кредитната линија

79. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компезционите фондови и Ковид 2 кредитната линија

80. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија)

81. Извештај за работа на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2020 година

82. Ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Годишната сметка за 2020 година

83. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во Договорот за концесија на риби согласно Законот за рибарство и аквакултура, за периодот јануари - јуни 2021 година

84. Годишен извештај за развојот на системот на финансирање на општините за 2019 година и Полугодишен извештај за развојот на системот на финансирање на општините за 2020 година

85. Годишен извештај за работењето на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам на Република Северна Македонија за 2020 година

86. Информација за тековниот статус на активностите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за периодот јануари - јуни 2021 година

87. Извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2019-2022

88. Извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, во периодот јануари - јуни 2021 година

89. Информација во врска со постапките по тужбените барања за надоместок на штета предизвикана од дивеч под трајна или привремена заштита со која беше задолжено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

90. Информација за статусот на реализација на средствата од програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамките на Инструментот за претпристапна помош, ИПА втора компонента - прекугранична соработка за периодот јануари – јуни 2020 година

91. Информација за статусот на реализација на средствата од програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамките на Инструментот за претпристапна помош, ИПА втора компонента - прекугранична соработка за периодот јули – декември 2020 година

92. Информација во врска со Годишниот извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2020 година, со Годишен извештај

93. Акциски план за спроведување на препораките на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерството за култура (Сметка на основен буџет 63710 и Сметка на основен буџет 63712)

94. Информација за дополна на Информацијата во врска со правата и обврските на договорните страни од Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје, со ревидиран текст на Договорот за купопродажба на акции

95. Предлог-одлука за укинување на увозните давачки – царинските стапки за увоз на едра и едрилици

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2021 година, Записникот од Осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година, Записникот од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 август 2021 година,Записникот од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2021 година, Записникот од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2021 година, Записникот од Деведесет и седмата седница на Владата на

Република Северна Македонија, одржана на 7 август 2021 година и Записникот од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 август 2021 година

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги разгледа Записникот од Четириесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 16 август 2021 година, со Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 17.8.2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, имајќи ги предвид епидемиолошките текови и состојби во државата и зголемувањето на бројот на заболени лица од КОВИД-19, ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 16 август 2021 година и ги прифати предлозите од истиот со следниве заклучоци:

1.1Учебната 2021/2022 година да отпочне со одржување настава со физичко присуство во основните и средните училишта во Република Северна Македонија.
Исклучок од ова ќе бидат одредени категории ученици со хронични болести, ученици кои имаат родители/старатели со хронична болест за кои ќе се овозможи да следат настава од далечина или комбинирано. Можноста за следење настава од далечина или комбинирано може да биде овозможена и во други ситуации поради немедицински причини, по упатено барање на родителот, за кое ќе одлучува училиштето.

Дополнително, согласно епидемиолошките текови и состојби во државата, Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство врз основа на стручни мислења на експертите – епидемиолози од Комисијата, може во текот на учебната година да предлага и дополнителни мерки за текот и организирањето на наставата, согласно сценаријата изготвени од Министерството за образование и наука и соодветните наменски протоколи.

1.2. Се забранува одржување на спортски настани, тренинзи и натпреварувања во спортски објекти од отворен и затворен тип со присуство на гледачи (публика), освен:
- организирање и одржување на пионерски, кадетски и младински спортски натпревари, како и професионални спортски натпревари, без присуство на гледачи (публика), исклучиво по наменски одобрени протоколи и со приложување на медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред одигрување на натпреварот, од страна на клубовите;
- спортски натпревари кои се одржуваат на отворено, со присуство на гледачи (публика) до максимум 30% исполнетост од вкупниот капацитет на спортскиот објект каде што ќе се одржуваат натпреварите, со задолжително почитување на растојанието помеѓу посетителите од 1,5 - 2 метри (на растојание од три седишта) и со доследно применување на мерките за заштита од КОВИД-19.

Исклучок од оваа наредена мерка од ставот 1 алинеја 1 од оваа точка, е во случај кога учесниците на спортските натпревари (спортисти, членови на стручни штабови на екипите, официјалните лица на спортските федерации и други службени лица), поседуваат и приложат еден од следниве дополнителни два документи:
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест КОВИД-19 или
- сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

1.3 Се забранува влез во сите објекти, угостителски објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензински станици, во казина и обложувалници, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и се забранува влез на настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани), без разлика на условите, просторните капацитети и бројот на присутни посетители/гости/лица, без поседување и приложување на еден од следниве два документи:

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку прва доза на вакцина против заразната болест КОВИД-19 и

- сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1 и 2 од оваа точка, не се однесува за лица под 18 годишна возраст.

Оваа наредена мерка од ставот 1 од оваа точка, задолжително се применува и за организација, работа и присуство/учество и на секаков вид на настан на отворен простор.

Исто така, оваа наредена мерка, задолжително се применува и за влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.

Останува на сила забраната за организација на секаков вид на прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) во објекти од затворен тип (на затворен простор), а сите други настани и манифестации во затворен простор може да се организираат со исполнетост до 30% од капацитетот на просторот каде што се одржува настанот и со ограничен број на посетители до максимум 1.000 посетители, со задолжителна проверка при влез во објектот за поседување и приложување на еден од задолжителните документи согласно Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

1.4. Се забранува организација и работа без ангажирање и присуство на редарска служба, која при влез во објектот ќе врши проверка на поседувањето и приложувањето на еден од документите за влез во објекти, капацитети, простории кои даваат услуги кон корисници – угостителски објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и при организирање настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани).

Наредената мерка од став 1 од оваа точка се однесува на оние објекти во кои се присутни повеќе од 30 посетители/гости/лица, како и при влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.

Исклучок од наредената мерка од став 1 од оваа точка се објектите во кои се присутни помалку од 30 посетители/гости/лица, а проверката на поседување и приложување на еден од документите утврдени во точка 11 став 1 алинеи 1 и 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, при влез во објектот, ја врши вработено лице определено од работодавачот.

1.5. Се забранува влез на територијата на Република Северна Македонија на домашни и странски државјани, почнувајќи од 1 септември 2021 година, доколку претходно на граничниот премин не приложат еден од следниве документи:

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест КОВИД-19;

- сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето;

- медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред влез на територијата на Република Северна Македонија; или

- негативен резултат од брз тест за антиген, направен 48 часа пред влез на територија на Република Северна Македонија

Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка, не се однесува за лица под 18-годишна возраст.

Државјаните на Република Северна Македонија кои на граничниот премин нема да приложат еден од документите наведени од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4, задолжително се упатуваат во домашна изолација во времетраење од седум дена, за што Државниот санитарен и здравствен инспекторат издава решение.

За сите видови групни или индивидуални патувања или за патници кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање, согласно член 13 став 3 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

1.6.Го разгледа и го прифати Протоколот за превентивни мерки при спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, кој е изменет во делот на датумот на одржувањето на пописот.

Согласно горенаведените заклучоци, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

2. Во точка 13 од Предлог-одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена зборовите „ Исламска Република Авганистан “ да се избришат.

3. Се задолжува Министерството за здравство, доколку е потребно, да организира лекарски прегледи и за други здравствени состојби за лицата кои ќе бидат прифатени од Исламска Република Авганистан, а имунизацијата (вакцинирањето) на овие лица од вирусот SARS-CoV-2, да биде организирано и спроведено во објектот во кој ќе бидат сместени, откако претходно по пристигнувањето ќе им биде направен RT PCR SARS-CoV-2 тест и по добивање на резултатот од истиот.

**Точка 2**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - прошетка на посетители во Националниот парк Галичица, со превозно средство – чамец (без мотор), во Свети Наум, со Предлог-одлуки, откако претходно ќе се утврди фактичката состојба.

**Точка 3**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со предлог-одлуки за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Национален парк „Галичица“, прошетка на посетители со превозни средства АТВ-четириколки, со текст на спогодби, откако претходно ќе се утврди фактичката состојба.

**Точка 4**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со Предлог-одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје-Национален парк „Галичица“, угостителска дејност на сплавови во Извориште кај Св.Наум, со текст на Спогодба, откако претходно ќе се утврди фактичката состојба

**Точка 5**

Владата по Годишниот извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје за 2020 година, со Извештај од независниот ревизор ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје за 2020 година, во предложениот текст;

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје во 2020 година, во предложениот текст;

3. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи ЈП Национална радиодифузија - Скопје да ја информира Владата за активностите кои се преземаат, со цел постапување по наодите содржани во ревизорскиот извештај, согласно Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 6**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето во периодот 1 јануари 2020 - 31 декември 2020 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со Извештај на независен ревизор ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2020 - 31.12.2020 година, во предложениот текст;

2. Одлуката за одобрување на консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2020 - 31.12.2020 година, во предложениот текст;

3. Одлуката за одобрување на финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2020 - 31.12.2020 година, во предложениот текст;

4. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2020 - 31.12.2020 година, во предложениот текст и

5. Одлуката за распоредување на добивката остварена во 2020 година по Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите со кои се соочува Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со барање за финансиска помош и не ја усвои Информацијата имајќи предвид дека за ова прашање веќе е заземен став на ресорен состанок во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за што е информирано и Министерството за финансии за начинот на решавање на долговите што ги имаат водоводните и комуналните претпријатија и Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности на РЕК Осломеј за водоснабдувањето од Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица, како материјал за информирање.

## Точка 9

Владата по Годишниот финансиски извештај, Годишната сметка и Годишниот извештај за работата на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, со Извештај од Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје, за резултатите од контролата над управувањето со АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје за 2020 година, со дополнување и со Предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Извештај од Независниот ревизор за 2020 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за покривање на загубата по Годишна сметка на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

4. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година (м-р Васко Ковачевски, претседател на Управниот одбор), во предложениот текст.

5. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Фатмир Лимани, член на Управниот одбор), во предложениот текст.

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Ѓорги Михаилов, член на Управниот одбор), во предложениот текст.

7. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Добрила Стефаноска, член на Управниот одбор), во предложениот текст.

8. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Благојче Трповски, член на Управниот одбор), во предложениот текст.

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Марјанчо Николов, член на Управен одбор), во предложениот текст.

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Благој Гајдаџиски, член на Управен одбор), во предложениот текст.

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (м-р Верица Узунова Ангеловска, претседател на Надзорниот одбор), во предложениот текст.

12. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година, (Слаѓана Богдановиќ, претседател на Надзорниот одбор), во предложениот текст.

13. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (д-р Златко Петрески, член на Надзорниот одбор), во предложениот текст.

14. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (д-р Сашо Додовски, член на Надзорниот одбор), во предложениот текст.

15. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Љубчо Кижевски, член на Надзорниот одбор), во предложениот текст.

16. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Фросина Крстевска (независен) член на Надзорниот одбор), во предложениот текст.

17. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година (Игор Петков, член на Надзорниот одбор), во предложениот текст.

## Точка 10

Владата по Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со 10 билборд табли по Коридорот 10, ја усвои и го задолжи Министерството за култура, во рок од 30 дена да достави Информација за состојбата со билборд таблите и дали би ги замениле старите постери со нови.

## Точка 12

Владата по новиот текст на Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната, го донесе новиот текст Одлуката за давање на согласност на Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021-2024), со Акциски план во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 август 2021 година, го одложи разгледувањето на Барањето за обезбедување на службени возила за потребите на Регулаторната комисија за домување, за наредната седница на Владата.

**Точка 15**

Владата го одложи од разгледување Барањето за обезбедување на службени деловни простории на Регулаторната комисија за домување, за наредната седница на Владата.

**Точка 16**

Владата го разгледа Барањето на мислење за постапување и примена на Законот за градежно земјиште и го потврди Мислењето на Министерството за транспорт и врски, доставено до Општина Неготино.

**Точка 17**

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа“ - Прилеп, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“- Скопје, во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта - Скопје, ц.о, во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за транспорт и врски - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државно правобранителство на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О. - Скопје, во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О. - Скопје, во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за надворешни работи, во предложениот текст.

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен студентски дом „Пелагонија“ Скопје, во предложениот текст.

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О. - Скопје, во предложениот текст.

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено-поправната установа Казнено поправен дом-Идризово, во предложениот текст.

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за млади и спорт, во предложениот текст.

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, во предложениот текст.

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, во предложениот текст.

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О. - Скопје, во предложениот текст.

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст.

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за финансии - Царинска управа, во предложениот текст.

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст.

22. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје, во предложениот текст.

23. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, во предложениот текст.

24. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавна научна установа Хидробиолошки завод Охрид, во предложениот текст.

25. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги одложи од разгледување следниве предлог-одлуки и истите да ги разгледа на првата седница на Владата, која ќе се одржи по завршувањето на Локалните избори 2021 година, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје и мислењето на Секретаријатот за законодавство:

1. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Пласница.

2. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Тетово.

3. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чашка.

4. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Гази Баба.

5. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Валандово.

6. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Неготино.

Предлог-одлуките претходно да се разгледаат на Комисија за политички систем.

**Точка 18**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање и Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да направи нова проценка на недвижноста, како и да достави нова Информација по претходно завршени законски постапки во делот на известувањето на сопственикот согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство, која ќе се достави до Владата на разгледување по завршување на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на Акциски план за имплементација на Национална платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година, со Акциски план и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и

врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управа за хидрометеоролошки работи, а се препорачува на Град Скопје, Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Град Скопје – Територијално противпожарна единица, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О. Скопје, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во делокругот на нивните овластувања и надлежности, а врз основа на предложените активности во Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија да ги реализираат истите во утврдениот рок и согласно предвидениот буџет за тоа да го информираат националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на тековна основа.

3. Се задолжува Националниот координатор за имплементација на националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија, кој во соработка со субјектите на системот за управување со кризи, заштита и спасување, подготвува тригодишен план за развивање и јакнење на капацитетите, а врз основа на тековните информации за реализација на активностите во Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година, кои ќе ги добива на редова основа од надлежните институции да ја информира Владата на Република Северна Македонија за степенот на реализација на крајот на секоја година.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена, да го преведе Акцискиот план за имплементација на Национална платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година на англиски и албански јазик и истите да ги достави до националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија, со цел дисеминација до надлежните држави и меѓународни институции.

**<u>Точка 20</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид, заради склучување Анекс бр.5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид, со Анекс бр.5 и Предлог на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево - Охрид и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од донесување на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид, заради склучување Анекс бр.5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид.

2. Го утврди новиот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево – Охрид, по скратена постапка и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски.

3. Го прифати текстот на Анекс бр.5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited.

4. Се овластуваат Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр.5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид бр.08-9012/1 од 12.11.2013 година, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево - Охрид и објавување на истиот во Службен весник на Република Северна Македонија.

## <u>Точка 21</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 22

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Урим Ибраими, државен советник во Министерството за економија и Нериман Џеладини раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 23

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*), во предложениот текст.

## Точка 24

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2020 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства до 10.5.2022 година:
- да донесат свој посебен етички кодекс во кој, меѓу другото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и основаат етичките комитети;
- да ја ажурираат и подобрат мисијата и визијата на институцијата и истите да ги објават на својата веб-страницата;
- да ги запознаат институциите со своите стратешки и програмски цели во нивна надлежност (органите во состав, втората линија буџетски корисници и јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост) и да им наложат, нивните оперативни планови да ги усогласат со стратешките и програмските цели на министерството;
- во интерните акти да воспостават јасни линии на известување (кој, за што и кого известува), што на раководителите ќе им овозможи следење на реализацијата на работните цели, доделените финансиски средства, резултатите и влијанијата, како и особено следење на работата на институциите во надлежност;
- да обезбедат доделување задачи/активности поединечно по вработен во годишните планови за работа во своите организационите единици и институциите од нивна надлежност;
- да ги утврдат ризиците при дефинирање на стратешките, програмските и оперативните цели земајќи ги предвид најзначајните внатрешни и надворешни фактори, односно промените во внатрешната и надворешната средина на институцијата и институциите во нивна надлежност;

- да го подобрат документирањето на ризиците во регистарот на ризици, системот за известување за утврдените ризици, како и реализацијата на мерките за намалување на ризиците на начин што одговорното лице на институцијата ќе добива навремени информации за најзначајните ризици на министерството и институциите во негова надлежност;
- при утврдување на ризиците да ги разгледуваат различните форми на измама (фалсификување на документи, давање неточни информации за финансиската состојба и успешноста на исполнување на поставените цели, фиктивните договори и фактури, давање мито и слично);
- да подготват процедури за спроведување административни и инспекциски контроли на наменските плаќања и користење на донации, трансфери, помош и субвенции за крајните корисници (со цел проверка дали доделените финансиски средства се користеле наменски, а во случај да не се, да обезбедат поврат на ненаменски потрошените средства);
- да планираат во своите плански документи изготвување на: автоматизиран внатрешен систем за известување со кој се обезбедуваат навремени, точни и целосни податоци и информации и нивна размена помеѓу внатрешните организациони единици за потребите на планирање и извршување на буџетот, спроведување на програмите, проектите и активностите, како и следење на реализацијата на работните цели и потрошените финансиски средства и автоматизиран сметководствен систем во кој ќе бидат вклучени трошковното и управувачкото сметководство и другите системи на евиденција и бази на податоци за целите, ризиците и други финансиски и нефинансиски информации зависно од потребите и специфичностите во работењето;
- да донесат Годишен план за развој на системот за внатрешна контрола за клучните процеси на финансиско управување и контрола со план за отстранување на слабостите и неправилностите и да ја следат неговата реализација во министерството и неговите институции во надлежност изготвен, врз основа на спроведената самопроценка и изјавата за квалитет и состојбата на внатрешните контроли;
- да обезбедат спроведување на препораките на надворешната и внатрешната ревизија во министерството и институциите во надлежност, а во случај на неспроведување на препораките, одговорното лице да преземе соодветни мерки;

2. Се задолжуваат сите министерства до 28.2.2022 година до Владата да достават План за организација на внатрешната ревизија изготвен врз основа на спроведена функционална анализа на министерството како матичен буџетски корисник, имајќи го предвид бројот на вработени и буџетот на самото министерство, органите во состав, втората линија буџетски корисници и јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост од нивна надлежност во кои ќе треба да спроведуваат внатрешна ревизија, доколку истите немаат сопствена единица за внатрешна ревизија или истата е нефункционална.

3. По одобрување на Планот за организација на внатрешната ревизија од Владата, врз основа на претходно добиено позитивно мислење од Министерството за финансии, министерствата да извршат измена и дополна на актите за организација и систематизација во делот на единиците за внатрешна ревизија и до 31.12.2022 година да ги екипираат истите.

4. Се задолжуваат министерствата чии единици за внатрешна ревизија немаат раководител ниту внатрешни ревизори (Министерство за култура, Министерство за економија, Министерство за информатичко општество и администрација и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците) до 31.1.2022 година да ги екипираат единиците за внатрешна ревизија со најмалку двајца внатрешни ревизори.

5. Се задолжуваат сите министерства да го известат Министерството за финансии - Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола за преземените активности по заклучоците.

6 Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола за реализација на овие заклучоци да ја извести Владата во Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2021 година.

## Точка 25

Владата го разгледа Извештајот од Третата седница на македонско – украинската меѓувладина комисија за следење на Договорот за трговска и економска соработка меѓу Македонската влада и Украинската влада и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука во рок од 10 дена по усвојувањето на овој извештај да номинира претставник кој ќе ја координира работата со претставници од Министерството за образование на Украина за пренесување на македонското искуство во делот на Erasmus + програмата.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука во рок од 10 дена по усвојувањето на овој извештај да ја извести украинската страна за интересот и потребата од склучување на нов Договор за соработка во областа на образованието и науката меѓу Кабинетот на министри на Украина и Владата на Република Северна Македонија, кој договор ќе ја замени Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за соработка во областа на образованието, од октомври 1998 година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до крајот на 2021 година да одржи состанок на Мешовитиот комитет за меѓународен патен транспорт со Украина за да се договори натамошна либерализација на режимот на дозволи во билатералниот и транзитниот транспортот на стоки до/од трети земји.

4. Се задолжува Министерството за економија - Биро за метрологија, а се укажува на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија и Институтот за акредитација на Република Северна Македонија до 15 септември 2021 година да отпочнат подготовки со ресорните институции во Украина за склучување на меморандуми за соработка/разбирање во областа на метрологија, стандардизација и акредитација.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за исплатување на обврзниците издадени по основ на депонирани штедни влогови на државјани на Република Србија и Косово кои штеделе во банки со седиште на територијата на Република Северна Македонија и филијали на банки на територијата на Република Северна Македонија чие седиште било во бившите републики на СФРЈ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укинува забраната за исплатување на депонираните девизни штедни влогови на државјани на Република Србија и Република Косово кои своите девизни влогови ги штеделе во банки со седиште на територијата на Република Северна Македонија и филијали на банки на територијата на Република Северна Македонија чие седиште било во бившите републики на СФРЈ, воведена по основ на реципроцитет.

2. Се задолжува Министерството за финансии во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година да обезбеди средства за исплатување на депонираните девизни штедни влогови на државјани на Република Србија и Република Косово.

3. Се задолжува Министерството за финансии да го извести Централниот депозитар за хартии од вредност дека од 1.1.2022 година може да започне со исплата на депонираните девизни штедни влогови на државјани на Република Србија и Република Косово кои ги штеделе во банки со седиште на територијата на Република Северна Македонија и филијали на банки на територијата на Република Северна Македонија чие седиште било во бившите републики на СФРЈ.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина -дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, Општина Градско, со нов текст на Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, Општина Градско.

**Точка 28**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – фелдспат на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово за првата седница на Владата што ќе се одржи по завршувањето на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.185/21).

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за приклучување на Република Северна Македонија во Алпско-југоисточен коридор на главната мрежа, како и Иницијативата за воспоставување на Железнички товарен коридор за поврзување на Унгарија, Република Србија, Република Северна Македонија и Република Грција и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, да го потпише Писмото на намери во врска со продолжување на Алпско-југоисточен коридор на главната мрежа воспоставен врз основа на соодветното Писмо за намери потпишано од Австрија, Бугарија, Хрватска, Србија и Словенија.

2.Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави одговор по писмен пат до Министерството за градежништво, сообраќај и инфраструктура на Република Србија во кое се наведува дека Република Северна Македонија ја поддржува Иницијативата предложена од Унгарија за воспоставување на Железнички товарен коридор кој ги поврзува Будимпешта и пристаништето Пиреја преку териториите на Унгарија, Република Србија, Република Северна Македонија и Република Грција, во рок од пет дена.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од издавање на контролни маркици за одбележување на брашното, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи во рок од 90 дена.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за поништени одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5 „Тажево“ и бр.2 „Копришница“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја информира Владата за одлуките на Управниот суд во рок од

седум дена од денот на приемот на одлуките со предлог за понатамошно постапување.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на регионална депонија за Полошки Регион - Русино, Општина Гостивар и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе барање за стопирање на постапката за донесување на државна урбанистичка планска документација, изготвена од Агенцијата за просторно планирање со технички број Н0719, за регионална депонија за Полошки Регион-Русино, Општина Гостивар најдоцна до крајот на август 2021 година до Министерството за транспорт и врски.

2.Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави барање до Министерството за транспорт и врски за изготвувањето на државна урбанистичка планска документација Русино 2 најдоцна до крајот на септември 2021 година.

3.Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до крајот на септември 2021 година, да поднесе барање до Државното правобранителство на Република Северна Македонија за да се изврши експропријација на приватно земјиште кое се наоѓа во планскиот опфат согласно барањето за изготвувањето на државна урбанистичка планска документација Русино 2 (во случајов за објект од јавен интерес од значење за Република Северна Македонија).

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да го корегира албанскиот превод на заклучоците доставени до Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 33**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за Академија за судии и јавни обвинители и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да изврши номотехничко подобрување на текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство и воедно да се усогласат во однос на пополнувањето на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореcподентна табела.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за Академија за судии и јавни обвинители, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Кореја и Владата на Република Северна Македонија за заемно укинување на обврската за поседување визи за носителите на дипломатски и службени пасоши, со нацрт - текст на Спогодбата на корејски, македонски и англиски јазик и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт- текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Кореја и Владата на Република Северна Македонија за заемно укинување на обврската за поседување визи за носителите на дипломатски и службени пасоши, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт - текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Кореја и Владата на Република Северна Македонија за заемно укинување на обврската за поседување визи за носителите на дипломатски и службени пасоши, до Владата на Република Кореја.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодбата меѓу Владата на Република Кореја и Владата на Република Северна Македонија за заемно укинување на обврската за поседување визи за носителите на дипломатски и службени пасоши.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Кореја и Владата на Република Северна Македонија за заемно укинување на обврската за поседување визи за носителите на дипломатски и службени пасоши, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Кореја и Владата на Република Северна Македонија за заемно укинување на обврската за поседување визи за носителите на дипломатски и службени пасоши.

## Точка 36

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Маурициус за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Маурициус, со Нацрт - текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Маурициус за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Маурициус, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави усогласениот текст на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Маурициус за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Маурициус, до Владата на Република Маурициус.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Маурициус за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Маурициус.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Маурициус за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Маурициус, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Маурициус за условите за заемни патувања на

државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Маурициус.

**<u>Точка 37</u>**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик, го усвои Извештајот и заклучи:

1.Го прифати усогласениот текст на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика.

2.Се определува Н.Е. Александра Миовска, амбасадор на Република Северна Македонија во Велика Британија и Северна Ирска, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика.

**<u>Точка 38</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комитет за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за економија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука да доставаат до Министерството за надворешни работи, номинации за член и заменик член во македонскиот дел од Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во рок од три дена.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за извршените и планираните активности во однос на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, потребните средства за финансирање на претседавањето во 2022 година во износ од 1,772,858 евра да ги вкалкулира соодветно во буџетот за редовно работење на Министерството за 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, потребните средства за финансирање на деташманот на негови двајца претставници во Постојаната мисија на Република Северна Македонија во Виена да ги вкалкулира во буџетот за редовно работење на Министерството за 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, за потребните средства за финансирање на претседавањето во 2023 година подетално да ја информира Владата во јуни 2022 година.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна до јуни 2022 година, да изготви План и Програма за вклучување на други министерства и институции во организацијата на Министерската сесија на ОБСЕ во 2023 година.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на словенечкото претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија и ја усвои Информацијата, со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

## Точка 41

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на активностите на Меѓуресорската работна група задолжена за изнаоѓање на законско решение за надминување на слабостите во системите за управување со кризи и заштита и спасување, ја усвои Информацијата и ја задолжи Меѓуресорската работна група за изнаоѓање на законско решение за надминување на слабостите во системите за управување со кризи и заштита и спасување, до 31 декември 2021 година да изработи проект со/во кој ќе бидат содржани сите аспекти (дефинирање на системот, засегнати страни, нивоа, тела, орган на управа, стратешки документи,

капацитети, улогата на армијата, релациите со НАТО и Европската Унија, меѓународната соработка, обуката, финансирањето и сл.) за уредување на единствен/интегриран систем со единствен орган за управување со кризи и заштита и спасување.

Истовремено, се задолжува Министерството за одбрана да го прошири составот на Работната група, односно во составот на истата да биде вклучен и претставник од Секретаријатот за европски прашања.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Saber Junction 21" во Сојузна Република Германија со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Saber Junction 21“, во Сојузна Република Германија, предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за завршен преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата - втор циклус (за главите II „Превентивни мерки“ и V „Наплата на имотот“) и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за објавување на Извештајот за Северна Македонија од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементацијата на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединети нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година;

2. Се задолжува Министерството за правда во рок од 7 дена да го извести Секретаријатот на државите - страни на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата (УНОДЦ) за дадената согласност за објавување на Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементацијата на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединети нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и истиот да го објави на својот веб-портал, согласно Заложбата за транспарентност во процесот за преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, потпишана на 13 април 2020 година;

3. Се задолжува Министерството за правда до 31 октомври 2021 година да подготви и до Владата на Република Северна Македонија да достави план на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот за Северна Македонија од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементацијата на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединети нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата. Во планот да се предвидат и

активности во кои ќе бидат вклучени заинтересирани граѓански организации и бизнис асоцијации.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на ИПА 2013 проект „Набавка на опрема за институциите од областа на правосудството и внатрешни работи“ Лот 1–Набавка на ИКТ опрема и опрема за интероперабилност (нов текст), ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Се укажува на Државната комисија за спречување на корупција до 1 септември 2021 година да изготви Акциски план за ставање во функција на опремата, со цел реализација на ИПА проектот 2013 „Набавка на опрема за институции од областа на правдата и внатрешните работи“.

2. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, а им се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот и на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да потпишат Договор за користење на ИКТ платформата за интероперабилност за размена на податоци преку системот за интероперабилност (дефиниран за користење на MIM2 платформата) со Министерството за информатичко општество и администрација во кој е дефиниран законскиот основ за размена на податоци пред да се реализира договорот за набавка, најдоцна до 1 септември 2021 година.

3.Се задолжува Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, а и се укажува на Државната комисија за спречување на корупција да обезбедат најмалку двајца ИТ експерти со капацитет за одржување на ИКТ опремата, најдоцна до 31 декември 2021 година.

4. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање и Министерството за финансии-Царинска управа, а им се укажува на Државната комисија за спречување на корупција, Агенцијата за управување со одземен имот и на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, да склучат договори за обезбедување на поддршка и по потреба соодветна надградба на хардверските и софтверски ИКТ системи предмет на испорака, најдоцна до 1 септември 2021 година.

5. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање и Министерството за финансии-Царинска управа, а им се укажува на Државната комисија за спречување на корупција, Агенцијата за управување со одземен имот и на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, да планираат најмалку 20% (годишно) од вредноста на целокупната набавка по институција како средства за одржување на набавената ИКТ опрема во буџетот за следните години.

6. Се задолжува Министерството за правда да им укаже на Судскиот совет на Република Северна Македонија и на Врховниот суд на Република Северна Македонија да склучат договори за обезбедување на поддршка и по потреба соодветна надградба на хардверските и софтверски ИКТ системи предмет на испорака, најдоцна до 1 септември 2021 година и да планираат најмалку 20% (годишно) од вредноста на целокупната набавка по институција како средства за одржување на набавената ИКТ опрема во буџетот за следните години.

7. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање и Министерството за финансии-Царинска управа, а им се укажува на Државната комисија за спречување на корупција, Агенцијата за управување со одземен имот и на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, да потпишат заеднички Меморандум за размена на податоци, најдоцна до 1 септември 2021 година.

8. Се задолжува Министерството за правда да им укаже на Судскиот совет на Република Северна Македонија и на Врховниот суд на Република Северна Македонија да потпишат заеднички Меморандум за размена на податоци, најдоцна до 1 септември 2021 година со институциите од предлог заклучокот број 7.

9. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција и Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање, а им се укажува на Државната комисија за спречување на корупција, Агенцијата за управување со одземен имот и на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември 2021 година да потпишат изјава преку која ќе се обврзат дека во рок од 12 месеци ќе ги приспособат своите бек-енд податочни системи за побарување, примање и интегрирање на податоците повлечени преку платформата за интероперабилност.

## Точка 45

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за статусот на мерење на индексот на дигитална економија и општество (digital economy and society index (DESI) во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Исто така, мислење по предметниот материјал да достават Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции и Министерството за економија.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 6 октомври 2020 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви нов Предлог на закон за финансиската инспекција во јавниот сектор и да го достави до Владата на Република Северна Македонија за утврдување најдоцна до 31 декември 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви нов Предлог на закон за државната ревизија и да го достави до Владата на Република Северна Македонија за утврдување најдоцна до 31 декември 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии да подготви Предлог на закон за Академија за јавни финансии и да го достави до Владата на Република Северна Македонија за утврдување најдоцна до 31 декември 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии да подготви Предлог-одлука за формирање на мрежа за координација на борба против измами – АФКОС и да ја достави до Владата на Република Северна Македонија за донесување најдоцна до 31 декември 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии да назначи раководно лице за статистика најдоцна до 30 септември 2021 година.

## Точка 47

Владата го одложи од разгледување Барањето на Демир Шуаре, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за првата седница на Владата, по завршување на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за студенти кои се стипендирани од страна на Република Северна Македонија за студии во странство и ги завршиле студиите во периодот од 2017 до 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа врз основа на листата која е Прилог на оваа информација, да ја разгледаат можноста за ангажирање на

студентите од листата согласно потребите на институциите и најдоцна до 15 септември 2021 година да го известат Министерството за образование и наука.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги извести претседателите на стопанските комори за листата на завршени стипендисти, во насока на нивно можно вработување во некоја од компаниите, членки на стопанските комори, до 15 септември 2021 година.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за периодот јануари - јуни 2021 година), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика во декември 2021 година, да ја информира Владата за спроведените активности за времено згрижените лица во Прифатниот центар во Визбегово.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за август 2021 година и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 30.8.2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со августовските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 31.8.2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 31.8.2021 година (вторник);

- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 1.9.2021 година (среда);

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 2.9.2021 година (четврток); и

- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 3.9.2021 година (петок ).

**Точка 51**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 52**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 14 став (2) точка 3 подточка г од Законот за данокот за додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1999, 86/1999, 8/2001, 21/2003, 9/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014, 112/2014, 130/2014, 15/2015, 129/2015, 225/2015, 23/2016, 189/2016 и 198/2018, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019, 98/2019, 124/2019, 275/2019, 267/2020 и 163/2021), поднесено од пратениците Владо Мисајлоски и Бојан Стојаноски и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесеното барање, подносителот бара да се даде автентично толкување на член 14, став (2) точка 3 подточка г од Законот за данокот за додадена вредност („Службен весник на Република Македонија"44/1999, 86/1999, 8/2001, 21/2003, 9/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014, 112/2014, 130/2014, 15/2015, 129/2015, 225/2015, 23/2016, 189/2016 и 198/2018, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019, 98/2019, 124/2019, 275/2019, 267/2020 и 163/2021), во смисла на тоа дали во ситуација кога се врши услуга од далечина за логистичка подршка „tracking and logistic" како помошна услуга во меѓународниот транспорт и истата се смета дека местото на извршување на услугата е Република Северна Македонија (член 14 став(1)) или местото/седиштето на странските компании како учесници во меѓународниот транспорт каде што навистина се врши превозот (член 14 став 2 точка г).

По однос на ова информираме дека со Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија"44/1999, 86/1999, 8/2001, 21/2003, 9/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014, 112/2014, 130/2014, 15/2015, 129/2015, 225/2015, 23/2016, 189/2016 и 198/2018, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019, 98/2019, 124/2019, 275/2019, 267/2020 и 163/2021), се воведува данокот на додадена вредност и се уредува неговото пресметување и плаќање. Притоа, данокот на додадена вредност како општ потрошувачки данок, се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор, освен ако не е поинаку пропишано со овој закон.

Согласно член 2 од Законот за данокот на додадена вредност, предмет на оданочување со данокот на додадена вредност е прометот на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и увозот на добра.

Согласно член 3 став (1) од Законот за данокот на додадена вредност, промет на добра во смисла на овој закон претставува преносот на правото на располагање со движен или недвижен материјален имот.

Согласно член 6 став (1) од Законот, промет на услуги во смисла на овој закон претставува секоја дејност која не е промет на добра во смисла на член 3 од овој закон.

Одредбите за место на прометот на услуги се пропишани во член 14 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1999, 86/1999, 8/2001, 21/2003, 9/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014, 112/2014, 130/2014, 15/2015, 129/2015, 225/2015, 23/2016, 189/2016 и 198/2018, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019, 98/2019, 124/2019, 275/2019, 267/2020 и 163/2021), според основното правило од член 14 став 1 од Законот за данокот на додадена вредност, за место на прометот на услуги се смета местото каде што вршителот на услугата има вистинско седиште или подружница од каде услугата вистински се извршува. Ако такво место не постои, за место на прометот на услуги се смета местото каде што лицето кое ја врши услугата има свое постојано живеалиште или престојувалиште.

Од ова основно правило постојат многубројни исклучоци дадени во член 14 ставови 2 и 3 од Законот за данокот на додадена вредност и во член 1 од Правилникот за спроведување на Законот за данокот на додадена вредност.

Согласно член 14 став 2 од Законот за данокот на додадена вредност, за место на прометот на услуги се смета:
1. Делницата или дел од истата, по која се извршува превозот;
2. Местото каде што се наоѓа недвижниот имот, кога се работи за услуга во врска со тој имот, вклучувајќи го посредувањето во прометот со недвижности, проценката на имот, подготовката, изведувањето и надзорот на градежни работи;
3. Местото каде што услугата вистински се извршува кога се работи за следните услуги:
а)културни, уметнички, научни, образовни, спортски, забавни, или слични услуги, вклучувајќи ги услугите на организаторите на тие услуги;
б)проценка на движни материјални добра, вклучувајќи го давањето стручно мислење за движните материјални добра;
в)работи што се вршат на движни материјални добра и
г)помошни превозни услуги како натовар, истовар, претовар, складирање, или други услуги кои на вообичаен начин се поврзани со превозот.
4.Местото на прометот во кое е извршено посредување, во случај на посреднички услуги.

Согласно член 14 став 3 од Законот за данокот на додадена вредност, а по исклучок на член 14 став 1 од Законот за данокот на додадена вредност, за место на прометот на услугата се смета местото во кое корисникот на услугата има вистинско седиште или подружница за кои услугата била вистински извршена или доколку такво место не постои, неговото постојано живеалиште или престојувалиште, кога се работи за следните услуги:
1. Услуги на полето на рекламата и работа со јавноста;
2. Банкарски и финансиски услуги и услуги на осигурување и реосигурување, освен изнајмувањето сефови;
3. Преземање обврска за делумно или целосно воздржување од вршење на некое дејствие, или да се трпи некое дејствие или состојба;
4. Правен, економски и технички консалтинг, особено дејностите на нотари, адвокати, ревизори, даночни советници, сметководители и инженери, како и други слични дејности;
5. Услуги на електронска обработка на податоци и давање информации, вклучувајќи know-how и експертиза;
6. Обезбедување персонал;
7. Изнајмување движен материјален имот, освен на сите видови превозни средства;
8. Телекомуникациски услуги;
9. Пренос и отстапување авторски права, патенти, лиценци, заштитни знакови и други слични права и
10. Услуги на посредување во врска со услугите од член 14 став 3 од Законот за данокот за додадена вредност.

Притоа, одредбите од член 14 став 2 од Законот за данокот на додадена вредност првенствено се применуваат пред одредбите од член 14 став 3 од Законот за данокот на додадена вредност.
Ако одредена услуга не потпаѓа под одредбите од член 14 ставови 2 и 3, во тој случај за тој вид услуга ќе се применува член 14 став 1 од Законот за данокот на додадена вредност.

Согласно претходно наведеното, се смета дека предметната одредба за која се бара автентично толкување е јасна и нема потреба од нејзино толкување и согласно тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати барањето за давање на автентично толкување, бидејќи вршењето на услуги од далечина за логистичка подршка „tracking and logistic“ не можат да се подведат под одредбите од членот 14 ставовите 2 и 3 од Законот за данокот на додадена вредност, односно местото на вршење на услуги од далечина за логистичка поддршка „ tracking and logistic“ ќе се утврди согласно член 14 став 1 од Законот за данокот на додадена вредност и услугата ќе се смета за извршена во местото во кое е резидентен вршителот на услугите.

## Точка 53

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Олгица Трајковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.8/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2019) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, од причина што, како што се наведува во Иницијативата, овие одредби се спротивни на Преамбулата и одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, конкретно членот 2 став (2) што регулира прашање кое не е содржано во Амандманот XXXIII, за чие спроведување се повикува, а прашањето е веќе, поинаку регулирано со членот 4 на Уставот. Понатаму, подносителот смета дека Уставниот закон не е во согласност со членот 1 став (3) точка б од Преспанскиот договор – оригинална верзија на англиски јазик. Во наводите на Иницијативата, подносителот посочува дека законодавецот не извршил негова правилна и доследна имплементација во националното законодавство.

Согласно членот 2 став (2) на Уставниот закон „ Од денот на влегувањето во сила на Амандманот XXXIII, државјанството ќе биде македонско/граѓанин на Република Северна Македонија, што не ја определува ниту ја предодредува етничката припадност на граѓаните“.

Согласно членот 4 од Уставот „ Граѓаните на Република Северна Македонија имаат државјанство на Република Северна Македонија.

На државјанин на Република Северна Македонија не може да му биде одземено државјанството, ниту да биде протеран од Република Северна Македонија. Државјанин на Република Северна Македонија не може да биде предаден на друга држава, освен врз основа на ратификуван меѓународен договор, со одлука на суд. (Амандман XXXII)

Државјанството на Република Северна Македонија се уредува со закон“.

Согласно членот 1 став (3) точка б од Конечниот договор за решавање на македонско - грчкиот спор за името и за стратешко партнерство „Државјанството на Втората страна ќе биде македонско/граѓанин на Република Северна Македонија, како што ќе биде заведено во сите патни документи“.

Според горенаведеното, подносителот на иницијативата смета дека Уставниот суд треба да донесе времена мерка за запирање од извршување се до донесување на одлука на судот со која ќе ја поништи посочената одредба од Уставниот закон.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Конечниот договор за решавање на македонско - грчкиот спор за името и за стратешко партнерство би требало да се цени од аспект на поголеми безбедносни гаранции, а во самата спогодба е предвидено интензивирање и збогатување на соработката меѓу двете земји и овозможување поголема перспектива во интерес на нашата држава во евро-атлантските интеграции преку усогласување со меѓународното право, и со меѓународните стандарди за човековите права и слободи. Притоа, неосновани се наводите на подносителот на иницијативата за негова неусогласеност со националното законодавство бидејќи при донесување на Уставниот закон беше следен прецизно текстот и речникот во преводот на договорот, и ставено е се што произлегува од Конечниот договор.

Како овластени предлагачи за донесување уставен закон за спроведување на Уставот се сметаат претседателот на Републиката, Владата и најмалку 30 пратеници. Уставниот закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Собранието донесува одлука за прогласување на уставниот закон со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Изгласаните уставни амандмани заедно со Уставниот закон за нивно спроведување претседателот на Собранието ги испраќа во „Службен весник“ за нивно објавување. Од моментот кога се објавени во „Службен весник“ истите почнуваат да произведуваат правна сила.

Амандманите за измена на Уставот се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. При тоа, одлука за измена на Преамбулата на Уставот, ако треба да се менуваат членовите од Уставот што се однесуваат за локалната самоуправа, членот 131, која било одредба што се однесува на правата на припадниците на заедниците, вклучувајќи ги особено членовите 7, 8, 9, 19, 48, 56, 69, 77, 78, 86, 104 и 109, како и ако е донесена одлука за додавање на која било нова одредба што се однесува на предметот на наведените одредби, како и измена на текстот на тие членови од Уставот, Собранието донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во земјата (Бадентерово мнозинство). По нивното изгласување со потребното мнозинство, Собранието донесува одлука за прогласување на амандманите на Уставот со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Од 12 февруари 2019 година со влегувањето во сила на Уставните амандмани и Уставниот закон, уставното име на нашата држава е Република Северна Македонија, а краткото име Северна Македонија. Државјанството на Република Северна Македонија е македонско/граѓанин на Република Северна Македонија, како што ќе биде заведено во сите патни документи. Официјалниот јазик на Република Северна Македонија е македонски. Во сите документи, работни материјали и акти за внатрешна и надворешна употреба, македонскиот јазик треба да биде наведуван без никакви дополнителни објаснувања (на пример дека припаѓа на јужнословенската група на јазици или дека е признат во 1977 на 3-та

Конференција на ОН за стандардизација на географските имиња, или други фусноти или слични објаснувања). Придавката „македонски/а/о“ се употребува секогаш кога се однесува на етничкиот и културен идентитет врзан за народот, јазикот, историјата, културата, наследството, територијата и другите негови особености.

Овие амандмани, се прифатливи и од аспект на идентитетските одредници утврдени во Уставот и влегоа во сила со влегување во сила на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 г. и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и ратификацијата на Протоколот за пристапување во НАТО од Првата страна на Конечната спогодба.

Македонецот станува синоним за државјанството на сите граѓани на македонската држава, независно од нивната етничка припадност.

Според член 2 од Уставниот закон, државјанството, македонско/граѓанин на Република Северна Македонија не ја определува ниту ја предодредува етничката припадност на граѓаните. Во практиката, меѓутоа, сите лични документи се издаваат согласно со волјата и барањето на граѓанинот во поглед на неговата/нејзината етничка припадност.

Официјалното толкување е дека определбата македонско/граѓанин на Република Северна Македонија се однесува на националноста сфатена како државјанство (граѓанска определба) наместо како етничка/национална. Во овој контекст, се цитира член 2 од Конвенцијата за државјанството на Советот на Европа, според кој „под државјанство се подразбира правната врска помеѓу лицето и државата и тоа не го определува етничкото потекло на лицето“.

Употребата на терминот „националност“ во англиската верзија на Преспанскиот договор се однесува само на „државјанство“. Всушност, и Грција и нашата држава во своите официјални преводи на Договорот го припишале англискиот термин „националност“ на зборот „државјанство“ (т.е. „државјанство“). Покрај тоа, во сите меѓународни текстови (и конвенционални и не-договорни) терминот „националност“ означува националност, а не национално потекло. Преспанскиот договор не ги споменува и не ги регулира етничките прашања. Покрај тоа, измената на Уставот вели дека „државјанството не ги специфицира, ниту пак ја утврдува етничката припадност на граѓаните на земјата“.

Материјата државјанство е уставна категорија која е детално разработена во Законот за државјанство („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/92, бр.8/04, бр. 98/08, 158/11 и 55/16). Правилата за државјанство се регулирани и со Европската конвенција за државјанство која е ратификувана во нашата држава во 2002 година и е во согласност со Уставот и законите.

Согласно членот 1 став (2) од Законот за државјанство „Државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата".

Од овие причини, оспорената одредба од Уставниот закон е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и согласно ова Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 2 став (2) од Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2019).

**Точка 54**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од страна на судски службеници – стручни соработници во судовите на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд под У.бр.82/2021, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за судовите и Законот за јавното обвинителство и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 1 став (1), членот 3 ставовите (1) и (2) и членот 5 став (2) алинеите 6 и 7 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, членот 45 став (1) алинеите 6 и 8, како и ставот (2) од истиот член и членот 46 став (1) точка 1 од Законот за судовите и членот 62 став (1) алинеја 8 од Законот за јавно обвинителство, од причина што, како што се наведува во Иницијативата, овие одредби се спротивни на одредбите од членот 7 став (1), членот 8 став (1), членот 32 став (1), членот 50 став (1), членот 51, членот 55 став (1), точка 1 од Амандман XXV со кој се заменува членот 98, и амандманите XXVIII, XXIX, XXX од Уставот на Република Северна Македонија.

Понатаму, подносителот смета дека со оспорените одредби е сторена и повреда на одредбите од Законот за судовите и Законот за Јавното обвинителство во делот на начинот и постапката за избор и именување на судии во основните судови и јавни обвинители во основните јавни обвинителства на територијата на Република Северна Македонија, како и одредбите од Законот за парнична постапка и Законот за кривична постапка, кои се однесуваат на употреба на службениот јазик и писмо во постапките пред судовите.

Според наводите од Иницијативата, подносителот истакнува дека Академијата за судии и јавни обвинители не е уставен орган или институција, истата не е предвидена во состав на судската власт, ниту во состав на јавното обвинителство. Но, истата е предвидена во Законот за судови и Законот за јавно обвинителство за проверка на знаењето на кандидатите за избор на судии и јавни и обвинители, која институција согласно Законот за Академија за судии и јавни обвинители составува ранг листа на кандидати кои положиле приемен испит и ранг листа на кандидати кои положиле завршен испит. По редоследот на рангирање на кандидатите од ранг

листата од положен завршен испит, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, само верификуваат избор, односно уставните органи – Судскиот совет и Советот на јавни обвинители не вршат избор туку само го потврдуваат веќе претходно направениот избор од страна на Академијата за судии и јавни обвинители.

Дополнително, подносителот истакнува дека ваквата поставеност не е уставна имајќи ги во предвид одредбите од Законот за судовите, кои се однесуваат на избор на судии поротници, каде јасно стои дека Судскиот совет врши избор на судии поротници, па избраните судии поротници посетуваат задолжителна обука во Академијата. Но, според наводите од иницијативата, одредбата за судии поротници, повторно законодавецот ја продолжил со неуставност, со тоа што предвидел надлежност на Академијата да спроведе завршен испит и избраните судии поротници кои нема да можат да го положат истиот, ќе бидат разрешени од страна на Судскиот совет.

Во наводите на Иницијативата, подносителот посочува дека неуставноста и незаконитоста на Законот за Академија за судии и јавни обвинители, уште се поткрепува и со тоа што, таа институција не врши избор само на судии, туку врши избор и на јавни обвинители. Уставот е јасен како е поделена власта во државата и кој ја претставува судската власт. Уставот јасно го предвидува и Јавното обвинителство и децидно предвидува дека Советот на јавни обвинители избира јавни обвинители. Законот за јавно обвинителство во одредбите за избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства ја предвидува Академијата за судии и јавни обвинители, кои одредби, исто така, се неуставни и незаконски, од истите причини кои се однесуваа за избор на судии и судии поротници, како и дека Академијата за судии и јавни обвинители прима средства од Судскиот буџет, а врши едукација, елиминација и рангирање не само на судии, туку и на јавни обвинители, на јавна администрација, на државната администрација.

Согласно горенаведеното, подносителот истакнува дека во поткрепа на неуставност на наведените законски одредби се надоврзуваат и уставните одредби каде се предвидени темелните вредности на уставниот поредок на државата, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, па како основни слободи и права на човекот и граѓанинот, под економски, социјални и културни права е наведено дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, како и дека секому, под еднакви услови му е достапно секое работно место.

Според горенаведеното, подносителот на Иницијативата смета дека Уставниот суд треба да донесе одлука со која ќе ги поништат оспорените законски одредби како спротивни на Уставот, од причина што со понатамошна примена на овие одредби може да се нанесе ненадоместлива штета на државата, односно да се продолжи со избор на судии и јавни обвинители на неуставен начин, а со тоа да се доведе во

прашање независноста, стручноста и самостојноста на идните судии и јавни обвинители.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, еднаквоста, правото да се учествува во вршењето на јавната функција и правото на работа би требало да се ценат од аспект на посебниот статус на кандидатите за судии и јавни обвинители кој го стекнале, како резултат на системската поставеност на оваа категорија на лица и во целокупноста на нивните права и обврски, а во склад со востановените кадровски потреби на правосудството во Република Северна Македонија.

Целта на основање на Академијата е да се обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавнообвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство. Основањето на оваа Академија е важен чекор во процесот на судските реформи заради зголемување на професионализмот во областа на правото, а кој ќе помогне и во синхронизација на примената и толкувањето на законите. Продолженото образование на судиите и обвинителите е клучот за непрекинато функционирање на правната држава, зашто законите постојано се ревидираат, а се ратификуваат и нови договори и меѓународни конвенции.

Законот за Академија за судии и јавни обвинители го уредува приемот и стручното усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, кои кандидати за да се стекнат со тој статус минуваат низ комплексен процес на селекција и рангирање, по што се стекнуваат со статус на слушатели во Академијата. Тие засноваат работен однос на определено време во Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до нивниот избор за судија или јавен обвинител и за тоа време имаат право на плата на виш судски советник во основен суд и други надоместоци од плата согласно со закон.

Дополнително, со Законот се уредува посебниот режим на права и обврски кои го уживаат слушателите и подоцна кандидатите за судии и јавни обвинители. Имено, Академијата ги вработува слушателите на почетната обука, кои за времетраење на обуката примаат полна плата и ги поседуваат сите права од работниот однос, со обврска успешно да ја завршат почетната обука во Академијата, по што следи обезбеден избор за судија или јавен обвинител. Ваквата посебна привилегија е системски овозможена за правосудниот систем да обезбеди сигурен прилив на кадри кои ќе ги задоволат проценетите потреби во сите апелациони подрачја во државата.

Слушателот на почетната обука однапред е запознаен со утврдените законски решенија кои произлегуваат од член 113 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, со кој се регулира начинот на стекнување статус на кандидат за судија или јавен обвинител по завршување на почетната обука, значењето и изборот на

судии и јавни обвинители од редот на кандидатите кои ја завршиле почетната обука, како и начинот на губење на статусот на кандидат за судија или јавен обвинител, од каде што произлегува дека беспредметно е да се прифати оваа Иницијатива под претпоставка дека секое лице кое се пријавува на оглас за приемен испит во Академијата ги прифаќа предвидените услови утврдени со закон пред да се стекне со статус слушател, односно подоцна кандидат во Академијата за судии и јавни обвинители.

Судскиот совет и Советот на јавни обвинители врз основа на анализа на евидентираните слободни места за судии и јавни обвинители како и проекцијата за потребите од места кои ќе се пополнуваат, најдоцна до 31 март во тековната година доставуваат одлуки до Академијата, врз база на кои се определува вкупниот број на слушатели на почетната обука (член 56 од Законот за Академијата). Овие одлуки се базираат на евидентираните кадровски потреби на правосудниот систем во Република Северна Македонија, а кои треба да бидат исклучиво пополнети со кандидати од Академијата со завршена почетна обука, со оглед на соодветната системска и законска уреденост. Ова е согласно препораката на Оценската мисија ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинители од април 2018 година, а согласно која „не постои планирање на човечки ресурси и нема стратешко планирање за вработување на судии или јавни обвинители, ниту за правни соработници и друг помошен персонал. Огласот за судии и јавни обвинители од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители се чини дека е направен по случаен избор.“ Советот располага со сите потребни статистички показатели (број на судии и стручен персонал, број на предмети по судови по област, движење на предмети по години и согласно новопредвидената надлежност истиот мора да ја следи работата на судовите и судиите) и истиот има капацитет за исполнување на наведената обврска.

Сите кандидати кои ја завршиле почетната обука пред Академијата за судии и јавни обвинители претставуваат кадри планирани за пополнување на испразнетите работни позиции во основните судови и јавни обвинителства. Постапката за нивниот избор е уредена со Законот за Судскиот совет врз основа на законски пропишаните критериуми, по претходно донесената одлука за определеното слободно судиско место од објавен оглас и со член 113 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, кој обезбедува еднакви услови за сите кандидати базирани на претходниот успех утврден во конечната ранг листа (став 3), при што најуспешните тројца кандидати имаат право да конкурираат во кое било апелационо подрачје (став 4). Останатите кандидати за судии и јавни обвинители од конечната ранг-листа се должни да конкурираат на секој објавен оглас за избор на судија во основен суд или јавен обвинител во основно јавно обвинителство (став 5) при што доколку кандидатот два пати последователно не се јави на објавените огласи го губи статусот на кандидат за судија или јавен обвинител (став 7).

По однос на наводите од предметната иницијатива дека законодавецот директно го условува, односно го ограничува правото на слободен избор на вработување, се смета дека се неосновани, од причина што огласите за избор на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители се отворени за конкурирање за сите кандидати, при што се земаат предвид вкупниот број на слободни места кои ќе се пополнуваат.

Воедно, се напоменува дека државата преку судскиот буџет целосно го финансира обучувањето на идните кандидати за судии и јавни обвинители и за време на обуката, како што е напоменато, истите засноваат работен однос со Академијата и имаат обврска да се јавуваат на огласите за пополнување на упразнетите судиски/јавнообвинителски места. Впрочем, државата е таа што вложува во создавањето на стручни и професионални кадри, а се со цел за создавање и одржување на независно правосудство.

Со член 46 ставот 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија „Советот донесува Одлука за објавување на оглас за избор на судија веднаш по упразнување на судиското место или по утврдена потреба за судиско место.".

Со ставот 2 од истиот член се определува дека „Во Одлуката за објавување на огласот за избор на судија се наведува и потребната специјализација (кривична, граѓанска, стопанска, управна област или друга област од делокругот на работата на судот) за пополнување на празното судиско место, а согласно со претходно доставеното барање од страна на судот до Советот со кое се бара пополнување на судиско место".

Со членот 32 став 1 од Уставот на сите граѓани им се овозможува правото на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, а додека пак ставовите 2 и 3 пропишуваат дека на секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место и за извршената работа има право на соодветна заработувачка. Според ставот 5 од истиот член „Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори".

Се истакнува дека во оваа материја Законот за Академија за судии и јавни обвинители е lex specialis и тој определува одредени специфики кои се различни од другите закони, што не значи и дека тие решенија се противуставни што соодветно е објаснето во ова мислење.

Воедно, мандатот на функцијата судија или јавен обвинител е доживотен и гарантиран. Оттука, се истакнува дека во овој случај не се работи за вработување на овие лица во судовите и јавните обвинителства, туку за нивен избор од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. За заштита на нивниот мандат се предвидени посебни одредби во Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, односно Законот за Јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Дополнително, досегашните меѓународни извештаи упатуваа критики кои впрочем, се однесуваа на примената и имплементацијата на законските решенија од страна на судиите и јавните обвинители. Основните вредности на Европската Унија вклучуваат владеење на правото и почитување на човековите права. Од огромно значење се правилното функционирање на правосудниот систем и ефикасната борба против корупцијата, како и почитувањето на човековите права во закон и во практика. Во препораките поврзани со правосудниот систем се истакнува „Со цел да се обезбеди независноста и особено отсуството на политичко влијание врз донесувањето на одлуки во обвинителството и судството, назначувањето и унапредувањето на судии и обвинители ќе биде деполитизирано. Назначувањата и унапредувањата треба да бидат направени од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители според транспарентни, објективни и на заслуги строго засновани критериуми, и со користење на транспарентни процедури што треба да бидат воспоставени со закон и не само со интерни правила, во согласност со препораките од извештаите на Венецијанската комисија за назначувањето на судии и независност на судството.

Академијата за судии и јавни обвинители се спомнува во сите реформски документи како структура која обезбедува првична теоретска и практична обука на идните судии и јавни обвинители (како услов за вработување/именување) и како структура која обезбедува континуирана обука во специфични области од остварувањето на функциите на судиите и јавните обвинители. Академијата се спомнува и во двата извештаи на експертската група на Прибе. Во Првиот извештај се спомнува дека: „Условот дека само дипломци на АСЈО можат да бидат регрутирани во судството и обвинителството, треба да биде, засега, задржан и последователно не треба да има отстапување, чекор назад од сегашниот систем за регрутирање заснован само на квалификации“.

Во Вториот извештај на експертската група од 2017 година многу повеќе се задржува на Академијата, односно дека таа треба да остане единствена точка за влез во судството. Во извештајот на експертската група е посветено големо внимание на улогата која Академијата ја има или би требало да ја има во врска со „Назначувањето, евалуацијата и промоцијата на судиите“. Во Инструментот за техничка помош и размена на информации (ТАЕКС) прегледот по однос на тренингот на судиите и јавните обвинители направен во 2018 година е даден преглед на меѓународните документи кои треба да се имаат предвид кога се анализира работата на АСЈО и перспективите на нејзиниот натамошен развој:

Член 10 од Основните принципи на независноста на судството усвоена со Резолуцијата 40/32 од 1985 година, на Генералното собрание на Организацијата на Обединети Нации (ООН) според која: Лицата избрани во судството треба да бидат индивидуи со интегритет и способност, со соодветен тренинг или правни квалификации.

●Принципи III-1а на Препораката R(94) 12, од Комитетот на министри на земјите членки на Советот на Европа (СЕ) за независноста, ефективноста и улогата на судиите: Соодветни услови треба да бидат обезбедени за да се овозможи судиите да работат ефективно, и посебно со регрутирање на доволен број на судии и обезбедување на соодветен тренинг како практичен тренинг во судови и секаде каде што е можно, во други тела, пред да бидат назначени и во текот на нивната кариера.

●Глава VI (Тренинг) на Препораката CM/Rec (2010)12 на СЕ усвоена од Комитетот на министри во 2010 година: на судиите треба да им се овозможи теоретски и практичен почетен и континуиран тренинг, потполно финансиран од страна на државата. Интензитетот и траењето на обуката треба да се одреди во согласност со претходното професионално искуство.

●Член 2.3 од Европската повелба за Статутот за судии: Властите ќе обезбедат соодветност на програмата за обука во светло на барањата за отвореност на умот, компетентност и непартијство кои се поврзани со остварувањето на судската функција.

●Член 4.4 од Европската повелба за Статутот за судии: Статутот им гарантира на судиите одржување и проширување на нивното техничко, социјално и културно знаење, потребно за остварување на должностите, низ редовен достап до обуки...
●Консултативен совет на европските судии, Мислење бр. 4 кое се однесува на соодветна почетна и континуирана обука.
●Деветте принципи за судска обука на Европската судска обучувачка мрежа усвоени во 2016 година.
●Декларација за принципите на обука на судии на Меѓународната организација за обука на судии од 2017 година.

Доколку се земат во предвид мислењата и принципите на Европската Унија за обуката на судиите и јавните обвинители, функционирањето на Академиите компаративно во земјите – членки на Европската Унија, а од друга страна и реформските процеси кои Република Северна Македонија ги спроведува континуирано со цел приближување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија, се согледува јасно дека со воведувањето на Академијата за судии и јавни обвинители се направи навистина голем исчекор при зголемувањето на квалитетот кај идните и постојните судии и јавни обвинители, што во крајна линија доведе до зголемена доверба на граѓаните во правосудниот систем. Дополнително, во Стратегијата за реформа на Правосудниот сектор 2017 – 2022 година, во поглед на независност и непристрасност, се препорачува: „..утврдување законски критериуми за избор на кандидати-дипломци од АСЈО - од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, со задолжително образложување и јавно објавување на одлуката за избор;. Кога е во прашање квалитетот, се препорачува ревидирање на критериумите за оцена на судиите и јавните обвинители, така што тие да се темелат на објективни квантитативни и особено квалитативни критериуми, со фокус на професионални вештини, интегритет, стручност, лична способност и социјални вештини“. Со ова, всушност,

се даваат многу конкретни насоки и се упатуваат конкретни барања до Академијата за преземање активности кои преку едукативниот процес ќе го обезбедат токму тој квалитет на судии и јавни обвинители, со такви знаења и вештини.

Имајќи предвид дека оспорените одредби од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019) и Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/2020) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/2020).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1470, за КО Чаир, на КП бр. 373, Викано место/улица А.Турунцев и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.68655 за КО Маџари на КП бр.1046/4 за викано место/улица П.Наков, со дополнување на Понудата и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата го разгледа Барањето од нотар Васко Паскали од Охрид, за потврдување/солемнизација на Договор за залог на недвижен имот со Имотен лист бр. 90701, за КО Охрид 4, на КП бр. 5985, Викано место/улица Горица, со кој треба да се обезбеди побарување на заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје, односно недвижниот имот да се заложи во корист на Комерцијална банка АД Скопје и заклучи дека согласно делокругот на своите надлежности нема надлежност да одлучува по истото.

**Точка 58**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Цутеска за понуда за користење право на првенствено купување на имот каде како сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист бр.94643 за КО Охрид 2 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата по Известувањето од извршител Снежана Андреeска од Скопје, Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 20.8.2021 година доставено под И.бр.19/20, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата на Митре Стојановски му утврди престанок на мандатот претседател на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола.

**Точка 61**

1. Владата го разгледа и прифати Известувањето од Комисијата за заштита на конкуренцијата во врска со непостапени заклучоци за период од 1 јули 2017 до 1 јули 2021 година и заклучи да престанат да важат следните заклучоци:

1)Заклучокот под реден број 9 донесен на Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 април 2020 година, кој се однесува на добиеното известување за планирана помош преку вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД-19 кризата, усвоени на 31 март 2020 година, за секоја мерка да им се даде приоритет во постапувањето согласно процедурите утврдени во Законот за контрола на државната помош и соодветно мислење и акт со Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД-19 бр. C(2020) 1863, усвоена на 19.3.2020 година и Изменетата Привремена рамка C(2020) 2215, усвоена на 3.4.2020 година, а со рок до 5.5.2020 година.

2) Заклучокот кој се однесува на изработка на Предлог- уредба со рок до 31.7.2020 година .

**2.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, за вршење на дејност на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, во предложениот текст.

3. Владата во врска со прифаќањето на цивилното население од Исламска Република Авганистан во Република Северна Македонија ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да организира и обезбеди транспорт на овие лица од аеродромите до местата каде ќе бидат сместени.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да организира и обезбеди хотелско сместување на овие лица во соодветен објект.

Согласно ова, се задолжува Бирото за јавни набавки да даде согласност на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка за стоки, услуги или работи, согласно член 55 став 1 точка г) од Законот за јавните набавки.

**4.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за финансии за престанување на важење или изменување на заклучоци на Владата и притоа ги донесе следните заклучоци:

1) Заклучокот од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 март 2018 година, Точка 84 (Прашања и предлози) кој гласи:
„Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија го задолжи Министерството за финансии да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација за тоа колкав број на согласности за вработувања се дадени од Министерството за финансии за периодот од 1.6.2017 година до денес, со детален преглед по институции на кои се дадени согласности, колку од нив се за вработувања на определено време, колку на неопределено време и колку согласности се дадени за трансфери на вработени помеѓу институции“ да престане да важи.

2)Рокот за утврдување на Предлогот на закон за платежни услуги и платни системи да биде декември 2021 година, наместо август 2021 година.

Соодветно на ова да се измени и Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа Записникот од одржаниот состанок во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, помеѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Арјанит Хоџа и Љупчо Манџуков, сопственик на правното лице ДПТУ ЗИК Брегалница на 12 август 2021 година, како материјал за информирање.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на

постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 7 август 2021 година до 13 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи, заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа и прифати Известувањето од Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје и притоа заклучи:

1) Заклучокот од 169 -та седница, одржана на 10.12.2019 година, по Точка 41, во врска со Информацијата за можноста за формирање на посебно тело со надлежност за реализација на инвестициските проекти за изградба на Коридиорот VIII (источната и западната делница), да престане да важи.

2) Заклучокот од 169-та седница, одржана на 10.12.2019 година, по точка 41, во врска со Информацијата за статусот на Проектот за изградба на железничката делница Крива Паланка – граница со Република Бугарија по однос на заклучоците број 5, 6, 7, 8 и 9 за сите преземени активности, да престане да важи бидејќи новите рокови и задолженија се опфатени во Извадокот од Нацрт – записникот од Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година (бр.40- 8121/1 од 27 јули 2021 година), точка 117: Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите на Република Северна Македонија, односно во заклучоците 8, 10 и 11.

8. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 5 август 2021 година до 11 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

9. Владата го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје да подготви и во рок од седум дена до Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за состојбата со шумските пожари на територијата на Република Северна Македонија, со пресек до 15 август 2021 година, како и за вкупно опожарените површини и видот на опожарена шума.

10. Владата го разгледа и прифати Известувањето за постапување по заклучоци од Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост и притоа заклучи:

1) Заклучокот од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2020 година, по Точка 4, во врска со Информацијата во врска со дополнителниот износ на средства, потребен за финансирање на активностите кои произлегуваат од измените во проектите (Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар и Делница 2 Неготино (Кавадарци)-Прилеп-Битола, со извори на средства, рокот да се измени и да биде до крајот на 2021 година.

2) Да престане да важи Заклучокот од Сто и петтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 21.4.2017 година, по однос на Точка 9, Информација во однос на обезбедување на финансиски средства потребни за реализација на проектите за гасификација на Република Македонија и Програмата за работа на АД за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси-Скопје, во државна сопственост, со оглед дека дека НЕР АД Скопје нема обврски по однос на предметниот кредит.

11. Владата заклучи Статутот на Јавната установа Национален парк Шар Планина да се разгледа на наредната седница на Владата, откако претходно ќе се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

12. Владата заклучи, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија Мухамед Зеќири, во координација со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да преземе мерки за исплата на Петтиот пакет мерки за тутунопроизводителите.

13. Владата го разгледа Барањето за ставање вон сила на Заклучок од Деведесет и шестата седница на Владата, одржана на 5 август 2021 година, го прифати Барањето и заклучи Заклучокот под точка 3, Прашања и предлози, донесен на Деведесет и шестата седница на Владата, одржана на 5 август 2021 година, кој гласи „- Се задолжува Бирото за јавни набавки да даде согласност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 55 од Законот за јавните набавки, за набавка на 15.000 литри млазно гориво за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување (по 500 литри на ден за претстојните 30 дена)“, да престане да важи.

14. Владата го разгледа и го прифати Известувањето во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на на Република Северна Македонија и заради заштитата на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од од Светската здравствена организација за вирусот SARS – CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението (бр.40-4087/1 од 1.4.2021 година), согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи, заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 62

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Добивање на нефинансиска помош, распределба и користење од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 (за период од 1.3.2020 година до 30.11.2020 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Министерството за одбрана и Дирекцијата за заштита и спасување, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Добивање на нефинансиска помош, распределба и користење од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 (за период од 1.3.2020 година до 30.11.2020 година) и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2.Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да изготви оперативни процедури/протоколи за начинот на прием, управување и контрола со меѓународните донации за справување со последиците од КОВИД-19 со дефинирање на надлежни институции, уредување на нивните активности и меѓусебна координација.

3. Се задолжуваат институциите од јавниот сектор за зголемување на транспарентноста за добиените нефинансиски донации во државата наменети за справување со пандемијата предизвикана со коронавирусот КОВИД-19, преку внесување на потребните податоци на панелот (koronavirus.gov.mk).

## Точка 63

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема „Квалитетот на услугите кои ги даваат единиците на локалната самоуправа преку своите веб-портали“, како материјал за информирање.

Исто така, се препорачува на единиците на локалната самоуправа, во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Министерството за локална самоуправа и Министерството за информатичко општество и администрација, да подготват и во рок од 30 дена до Владата и Државниот завод за ревизија да доставаат акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија.

Истовремено, се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа да ги информира единиците на локалната самоуправа за препораките и до крајот на 2021 година единиците на локалната самоуправа соодветно да информират, преку Заедницата на единиците на локалната самоуправа за реализираното по однос на препораките.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Министерството за локална самоуправа.

## Точка 64

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Охрид, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- Се задолжува Државниот завод за ревизија да го презентира Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Охрид на Општина Охрид, Министерство за транспорт и врски и Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион;

- Се препорачува на Општина Охрид, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Охрид и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 65

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Известувањето за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај, подготвено од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Фондот за здравствено осигурување на

Република Северна Македонија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 66**

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерство за култура -Управата за заштита на културно наследство (Сметка на основен буџет 603-10), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Управата за заштита на културно наследство, да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство (Сметка на основен буџет 603-10) и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 67**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, за периодот 1 април-30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, за периодот од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, за втор квартал 2021 година, како материјал за информирање.

Исто така, согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, потребно е предлагачот да подготви соодветен Акциски план со мерки и активности за надминување на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата.

**Точка 70**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, за периодот април - јуни 2021 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

Исто така, согласно мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, потребно е предлагачот да подготви соодветен акциски план со мерки и активности за надминување на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС Злетовица Пробиштип, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

Исто така, согласно мислењата на Министерството за животна средина и просторно планирање и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, потребно е предлагачот да подготви соодветен акциски план со мерки и активности за надминување на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата.

**Точка 72**

Владата го разгледа тромесечниот извештај за финанското работење на ЈП за водостопанство Лисиче – Велес (април- јуни 2021 година), како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи ЈП за водостопанство Лисиче – Велес да подготви соодветен Акциски план со мерки и активности за надминување на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата, согласно мислењата на Министерството за животна средина и просторно планирање и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево, за периодот 1 април - 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот април-јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлука за давање на користење на недвижен имот-деловен простор сопственост на АД ЕСМ - Скопје на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје УО бр.02-2665/206/4 од 17.6.2021 година, донесена од Управниот одбор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Договор за давање на правото на користење на недвижни ствари арх.бр.03-2880/1 од 30.6.2021 година склучен помеѓу Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, како давател на стварта и Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, како корисник на стварта, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари–јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа новиот текст на Полугодишниот извештај за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, за периодот јануари-јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и Ковид 1 кредитната линија, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компесционите фондови и Ковид 2 кредитната линија, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија), како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање

**Точка 82**

Владата ги разгледа Ревизорскиот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Годишната сметка за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата го разгледа Извештајот за извршен инспекциски надзор над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во Договорот за концесија на риби согласно Законот за рибарство и аквакултура, за периодот јануари - јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за развојот на системот на финансирање на општините за 2019 година и Полугодишниот извештај за развојот на системот на финансирање на општините за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за тековниот статус на активностите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за периодот јануари - јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2019-2022, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, во периодот јануари - јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапките по тужбените барања за надоместок на штета предизвикана од дивеч под трајна или привремена заштита со која беше задолжено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на средствата од програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамките на Инструментот за претпристапна помош, ИПА втора компонента - прекугранична соработка за периодот јануари – јуни, 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на средствата од програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамките на Инструментот за претпристапна помош, ИПА втора компонента - прекугранична соработка за периодот јули – декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Годишниот извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2020 година, со Годишен извештај, како материјал за информирање.

## Точка 93

Владата го разгледа Акцискиот план за спроведување на препораките на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерството за култура (Сметка на основен буџет 63710 и Сметка на основен буџет 63712), како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи Министерството за култура при наредното известување да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии (во Акцискиот план да се додаде колона активности, каде треба да се наведат конкретните планирани и преземени активности за секоја дадена препорака).

## Точка 94

Владата ја разгледа Информацијата за дополна на Информацијата во врска со правата и обврските на договорните страни од Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје, со ревидиран текст на Договорот за купопродажба на акции и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го утврди ревидираниот текст на Договорот за купопродажба на акции.

2. Се овластува претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го склучи Договорот за купопродажба на акции со Макпетрол АД Скопје, со ревидирана содржина согласно заклучокот број 1.

## Точка 95

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за укинување на увозните давачки – царинските стапки за увоз на едра и едрилици, за првата седница на Владата по завршување на изборниот период, имајќи го предвид Решението за распишување избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.185/21).

Дополнително, се задолжуваат Министерството за економија и Министерството за финансии за да усогласат став во однос на предложената Предлог-одлука.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |